РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА И СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 12-4146/1
03-09-2019 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ПОСЕБЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА УТВРДЕНИТЕ СОСТОЈБИ ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА

## Претседателски избори и предвремени избори за градоначалник на општина Охрид, градоначалник на општина Ново Село и градоначалник на општина Дебар 2019 година

Август, Скопје 2019

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА И СУДИР НА ИНТЕРЕСИ**

## СОДРЖИНА


Користени кратенки ....................................................2

1. ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА ....................................................3

2. ПОСТАПУВАЊЕ НА ДКСК ПО ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ПОЛИТИКАТА ....................................................3

2.1. ПРЕЗЕМЕНИ ДЕЈСТВИЈА ОД ДКСК СО ЦЕЛ ПОЕФИКАСНО СЛЕДЕЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС ....................................................3

*2.1.1. ОБЈАВЕНО СООПШТЕНИЕ* ....................................................3

*2.1.2. ПРЕС КОНФЕРЕНЦИЈА* ....................................................4

*2.1.3. ВЕБ АПЛИКАЦИИ – РЕГИСТЕР НА СЛУЖБЕНИ ВОЗИЛА И ПРИЈАВА ЗА НЕЗАКОНИТОСТИ* 4

*2.1.4. ОСТВАРЕНИ РАБОТНИ СОСТАНОЦИ ВО ВРСКА СО ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС 2019 ГОДИНА И ПОТПИШАНИ МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА* ....................................................5

2.2. ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕДМЕТИ ....................................................7

*2.2.1. ПРЕДМЕТИ ОФОРМЕНИ ПО ПРИГОВОРИ ЗА НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ЧЛЕН 8-А И 8-Б ОД ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК* ....................................................7

*2.2.1.1. ПРЕДМЕТИ ВО КОИ ДКСК УТВРДИ ДЕКА ПОСТОИ СОМНЕВАЊЕ ЗА СТОРЕНИ ПРЕКРШУВАЊА НА ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ ВО ИЗБОРНИОТ ПЕРИОД И ИМА ПРЕЗЕМЕНО СООДВЕТНИ МЕРКИ* ....................................................8

*2.2.1.2. ПРЕДМЕТИ ОТВОРЕНИ ПО СОПСТВЕНА ИНИЦИЈАТИВА НА ДКСК* ....................................................11

*2.2.1.3. ПРЕДМЕТИ ОТВОРЕНИ ПО ПРИЈАВИ ДОСТАВЕНИ ОД ГРАЃАНИ* ....................................................14

3. ПОСТАПУВАЊЕ НА ДКСК ВО ВРСКА СО ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ОД УЧЕСНИЦИТЕ ВО ИЗБОРНАТА КАМПАЊА 2019 ГОДИНА ....................................................14

4. КОНСТАТАЦИИ ОД ПОСТАПУВАЊЕТО ПО ПРЕДМЕТИ НА ДКСК - ДОБРО УПРАВУВАЊЕ ....................................................16

5. СИСТЕМСКИ НЕДОСЛЕДНОСТИ И СЛАБОСТИ ....................................................18

6. ЗАКЛУЧОЦИ ....................................................19

7. ПРЕПОРАКИ ....................................................20

Користени кратенки

| | |
|---|---|
| ДКСК | Државна комисија за спречување корупција |
| АФПЗРР | Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој |
| Избори 2019 | Изборот на Претседател на Република Северна Македонија и предвремените избори за градоначалник на општина Охрид, градоначалник на општина Ново Село и градоначалник на општина Дебар 2019 |
| ДИК | Државна изборна комисија |
| ДЗР | Државен завод за ревизија |

ВОВЕД

Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст - ДКСК) постапувајќи согласно надлежностите утврдени со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Глава четврта – Спречување на корупцијата во политиката и Изборниот законик, исто како и во претходните изборни циклуси, имаше активна улога и во изборниот процес поврзан со Изборот на Претседател на Република Северна Македонија и предвремените избори за градоначалник на општина Охрид, градоначалник на општина Ново Село и градоначалник на општина Дебар 2019 (во натамошниот текст: Избори 2019).

Изборите 2019, кои се одржаа на 21 април (прв изборен круг) и 5 мај 2019 година (втор изборен круг) се спроведоа врз основа на Решение од Претседателот на Собранието на Република Македонија број 09-1071/2 од 08.02.2019 година за распишување на избор за претседател на Република Македонија и Решение од Претседателот на Собранието на Република Македонија број 09-1072/2 од 08.02.2019 година за распишување на предвремени избори за градоначалник на општина Охрид, градоначалник на општина Ново Село и градоначалник на општина Дебар.

За изборот за Претседател на Република Северна Македонија 2019 година учествуваа тројца учесници– утврдени листи на независни кандидати поддржани од коалиции и политички партии кои согласно со Изборниот законик организираа изборна кампања со цел претставување на своите програми и кандидати за Претседател на Република Северна Македонија, додека на предвремените избори за градоначалник на општина Охрид, градоначалник на општина Ново Село и градоначалник на општина Дебар учествуваа шест учесници на изборната кампања

Организацијата на изборната кампања, обезбедувањето и користењето на финансиските средства за водење на изборната кампања, како и севкупното финансирање и финансиско работење се уредени со законски прописи, кои учесниците во изборниот процес се должни да ги почитуваат.

За време на Изборите 2019, што се одржаа во Република Северна Македонија на 21 април и на 5 мај 2019 година, ДКСК постапуваше, во согласност со своите надлежности утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот интереси и Изборниот законик и други закони.

Во текот на своето постапување по предмети оформени по доставени приговори, предмети оформени по сопствена иницијатива и по пријави доставени од граѓани, ДКСК утврди одредени состојби, и врз основа на член 32 став 10 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси го подготви овој Посебен извештај за утврдени состојби во финансирањето на изборната кампања Изборите 2019 година со цел непосредно запознавање на Собранието на Република Северна Македонија со утврдените состојби констатации и за кои дава соодветни препораки.

## 1. ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА

Активностите и постапувањето на ДКСК во изборните процеси се уредени со:

- Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: Глава четврта: Спречување на корупцијата во политиката членови 32, 33, 34, 35, 36, 37 и
- Изборен законик: членови 8-а, 8-б, 84-б, 85, 85-а, 179, 189,

Содржината на одредбите од наведените членови во споменатите закони се прикажани во Анекс 1 прилог кон овој Извештај.

## 2. ПОСТАПУВАЊЕ НА ДКСК ПО ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ПОЛИТИКАТА

Во глава IV Спречување на корупцијата во политиката од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен весник на Република Македонија бр.12/19), е утврден начинот на однесување на учесниците во врска со финансирањето на изборната кампања и располагањето со јавните добра и средства за време на изборниот процес, односно од распишувањето на изборите се до завршување на изборите за избор на Претседател на Република Северна Македонија и избор на градоначалници во општините.

Согласно со законските норми, ДКСК постапуваше во врска со следењето на законитоста на финансирањето на изборната кампања, контролата на злоупотреба на буџетските средства во периодот по распишување на изборите, забраната за нови инвестиции и вонредни исплати, злоупотребата за користење противправни и анонимни извори на финансирање за време на избори, утврдувањето на злоупотреба на финансирање на политичките партии за време на изборна кампања, поткупот на избирачи, влијание при избор, именување и разрешување на раководни места.

Со донесувањето на Решението од Претседателот на Собранието на Република Македонија со број 09-1071/2 на 08.02.2019 година за распишување на избор за претседател на Република Македонија и Решението од Претседателот на Собранието на Република Македонија со број 09-1072/2 на 08.02.2019 година за распишување на предвремени избори за градоначалник на општина Охрид, градоначалник на општина Ново Село и градоначалник на општина Дебар, започна изборниот период, кој траеше се до донесување на Заклучок број 08-1770/1 од 11.05.2019 година со кој Државната изборна комисија (во натамошниот текст - ДИК) објави дека Претседателските избори 2019 година се завршени, односно со донесување на Заклучок број 08-1791/1 од 13.05.2019 година, со кој ДИК објави дека Предвремените избори за градоначалници за општините Охрид, Ново Сели и Дебар 2019 година се завршени.

### 2.1. ПРЕЗЕМЕНИ ДЕЈСТВИЈА ОД ДКСК СО ЦЕЛ ПОЕФИКАСНО СЛЕДЕЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС

#### 2.1.1. ОБЈАВЕНО СООПШТЕНИЕ

На самиот почетокот на изборниот период ДКСК изготви Соопштение и истото го објави на својата веб страница со цел превентивно дејствување, односно попрецизно објаснување на законските обврски што се однесуваат на начинот на постапување на институциите и

општините за време на изборниот период. Во соопштението беа преточени законските забрани и смислата на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот законик, што овозможи ДКСК да ја оствари својата превентивна улога во изборниот процес. Во Соопштението беше укажано дека ДКСК ќе го следи целиот изборен процес и во случаите кога постои основано сомневање дека се прекршува законот, ќе презема мерки за утврдување на таквите сомневања, ќе ги извести надлежните органи и ќе бара преземање активности во рамките на нивното надлежно постапување. Исто така беше укажано дека непочитувањето на забраните утврдени во членовите 34 и 35 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и во членот 8-а и 8-б од Изборниот законик, ДКСК ќе ги смета за одговорност на одговорните лица на државните органи и други субјекти, а во случај на констатирани прекршувања и злоупотреби ќе преземе соодветни активности и мерки согласно закон.

Во функција на следењето и контролата на законитоста на финансирањето на изборната кампања и на севкупниот изборен процес ДКСК оствари непосредна соработка со медиумите, здруженијата на граѓани, но и со граѓаните, повикувајќи ги навремено да ги пријават конкретните случаи на прекршување на забраните утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот законик.

### 2.1.2. ПРЕС КОНФЕРЕНЦИЈА

На ден 03.04.2019 година ДКСК одржа прес-конференција за медиумите во врска со започнатата изборна кампања на редовните претседателски избори и локалните избори кои се одржуваат во општините Охрид, Дебар и Ново Село.

На прес-конференцијата, јавноста беше информирана за начинот на постапувањето на ДКСК во текот на изборната кампања кој е тесно врзан со нејзините законски надлежности со новиот Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси во делот на контролата на буџетските средства и следењето на финансирањето на изборната кампања. На оваа прес-конференција ДКСК ги промовираше новите алатки воведени за оваа изборна кампања, а со цел да се овозможи побрз пристап до сознанија и информации за евентуални прекршувања и незаконитости сторени од разни учесници во изборната кампања.

### 2.1.3. ВЕБ АПЛИКАЦИИ – РЕГИСТЕР НА СЛУЖБЕНИ ВОЗИЛА И ПРИЈАВА ЗА НЕЗАКОНИТОСТИ

Имајќи ги во предвид злоупотребите на моторните возила од страна на државните институции во изминатите изборни процеси, а со цел полесно следење на нивното користење во овој изборен период, од државните органи, органите на локалната самоуправа, јавните претпријатија и други правни лица што располагат со државен капитал, ДКСК побара податоци за патничките возила со кои располагаат и ги користат во своето секојдневно работење (вид на возило, ргистарски таблици...). Врз основа обезбедените податоци, ДКСК изработи и на својата веб страница постави **веб апликација – Регистар на возила на државни органи, органи на локалната самоуправа, јавните претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал**, со што на сите заинтересирани субјекти (медиуми, невладините организации и граѓаните) им се овозможи да ги пребаруваат возилата по институција и по регистарски таблички и до ДКСК да пријават сомневање за злоупотреба на истите. Оваа веб апликација беше воведена со цел ДКСК полесно да дојде до сознание/ја за тоа дали

носителите на јавни функции и јавната администрација користат службени возила во текот на изборната кампања за изборни /партиски цели, што е изрично забрането согласно Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Исто така, на веб страната на ДКСК беше изработена и поставен образец - **Пријава за сомневања за постоење незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборната кампања на претседателските и изборите за градоначалник во три општини 2019 година**, која можеше да ја пополни секој граѓанин, кој имаше сознание за евентуални прекршувања на одредбите од Изборниот законик за забрана за употреба на буџетски средства, односно забранети дејствија на јавните институции од денот на распишување на изборите, како и во текот на изборната кампања како на пример сомневање за: користење на службени простории, опрема и службени возила на државните органи за потребите на изборната кампања, вршење и обид за вршење притисок и заплашување на гласачи или членови на нивните семејства или ним блиски лица, отпочнување на изградба со средства од буџетот или од јавни фондови или со средства на јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал на нови објекти во инфраструктурата, како патишта, водоводи, далноводи, канализација и други објекти или на објекти за општествени дејности - училишта, градинки и други објекти, исплаќања на плати, пензии, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средства на јавните фондови кои не се редовни месечни исплати, односно сите едногодишни трансфери и исплати или еднократни трансфери од буџетски средства или од средства на јавни фондови, отуѓување на државен капитал, потпишување на колективни договори, спроведени постапки за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, примање или давање поткуп на избирачи, користење противправни и анонимни извори за финансирање за време на избори, итн. Преку оваа алатка, до ДКСК беа доставени пријави за постоење злоупотреба на службени возила, а по проверка на податоците од предтходниот регистар, за кои ДКСК поведе и постапки.

За време на изборната кампања на изборите 2019 година, граѓаните ја искористија оваа веб апликација и до ДКСК доставија вкупно 25 пријави за нерегуларности по кои ДКСК оформи предмети и постапуваше по истите.

### 2.1.4. ОСТВАРЕНИ РАБОТНИ СОСТАНОЦИ ВО ВРСКА СО ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС 2019 ГОДИНА И ПОТПИШАНИ МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА

Имајќи ги во предвид искуството како и констатациите од минатите изборни циклуси за спроведување на бројни постапки за вработување на работници на определено и неопределено време во текот на изборниот период, постапување кое е изрично забрането со Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, освен во случај на итни и неодложни работи, ДКСК на 06.03.2019 година, одосно на почетокот на изборниот период оствари средба со претставници од Државниот просветен инспекторат, Државниот инспекторат за труд и Државниот управен инспекторат. На средбата беше договорено претставници на надлежните инспекторати континуирано во текот на изборниот период да вршат инспекциски надзори и контроли во институциите од областа на образованието, социјалната сфера, здравството и други државни институции, во делот на почитување на одредбите на Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси кои се однесуваат на спроведување на постапки за вработување на

работници, освен во случај на итни и неодложни работи и доколку утврдат прекршувања, веднаш да ја известат ДКСК.

Во овој контекст беше и средбата со директорот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија на која беше договорено и Агенцијата во рамките на вршењето на своите законски надлежности да ја следи состојбата со пријави /одјави на работниот однос на работници и доколку има сознанија за евентуални прекршувања, да ја извести ДКСК.

Државниот просветен инспекторат, Државниот инспекторат за труд и Државниот управен инспекторат доставија извештаи од извршените инспекциски надзори и контроли до ДКСК, кои беа земени како дополнителна документација од страна на ДКСК при утврдување на фактичката состојба во конкретните предмети по кои постапуваше ДКСК.

Со цел непречено спроведување на изборниот процес, ДКСК оствари работен состанок со членовите на ДИК, каде тема на разговор беше усогласувањето на мерките и активностите кои ги преземаат двете Комисии во текот на изборната кампања, посебно во делот на контролата на финансирањето на изборната кампања. Како резултат на тоа, согласно членот 85 став 9 од Изборниот законик, беше склучен Меморандум за соработка **меѓу ДКСК, Државната изборна комисија и Државниот завод за ревизија** во врска со спроведувањето на одредбите за финансирањето на изборната кампања, за размена на информации за утврдени неправилности во врска со доставените финансиски извештаи и мерките преземени од нивна страна спрема субјектот кој е предмет на надзор.

На ден 29.03.2019 година се одржа **средба со претставници на Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата**. Реализирана на иницијатива на ДКСК, средбата имаше за цел утврдување и координирање на заеднички чекори со граѓанските организации во насока на успешно следење на изборната кампања на претседателските избори 2019 година. Претставниците на платформата беа запознати со активностите на ДКСК во врска со следењето на законитоста на користењето односно располагањето со буџетските средства во текот на изборниот процес и ризиците од можните злоупотреби на јавните средства. Претставниците на граѓанските организации искажаа безрезервна поддршка на работењето на ДКСК и ги презентираа нивните досегашни искуства, анализи и истражувања при мониторингот на претходните изборни процеси во државата. Присутните го изразија своето задоволство од новата пракса на ДКСК и се согласија, во иднина да се изработи заедничка методологија која ќе се заснова на разработени идеи за заедничка соработка на ДКСК и Платформата на граѓански организации заради заедничко делување на наредните избори.

Имајќи ги предвид надлежностите на ДКСК во следењето на законитоста на финансирањето на изборната кампања на изборите во 2019 година, на иницијатива на на ОБСЕ/ОДИХР - Набљудувачката мисија за претседателските избори 2019 година, на ден 20.03.2019 година се одржа заеднички состанок на кој беа презентирани законските надлежности на ДКСК како и преземените активности во врска со спроведување на изборниот процес. Претставниците на ОБСЕ/ОДИХР ги поздравија овие активности, оценувајќи дека ДКСК покажува проактивен и ангажиран однос во обезбедувањето на законитоста на севкупниот изборен процес. Од страна на ДКСК беше изразена спремност за соработка со Мисијата и обезбедување на потребните информации поврзани со нејзиното постапување во текот на претстојната изборна кампања.

Со Државниот завод за ревизија (во натамошниот текст: ДЗР), на 23 мај 2019 година се одржа работен состанок заради усогласување на меѓусебните активности поврзани со следењето на финансирањето и известувањето кај учесниците во изборните кампањи, кои како надлежности и дефинирани рокови се предвидени со Изборниот законик и Законот за спречување на корупција и судир на интереси. Имајќи ја во предвид стручноста на ДЗР во делот на ревизија на финансиските извештаи на учесниците во изборната капања од една страна, ограничените човечки ресурси и технички можности на ДКСК од друга страна, ДКСК пројави интерес за воспоставување на институционалната соработка за следење на финансирање на изборната кампања и спречување злоупотреба на буџетски средства во истата, преку користење на наодите кои Државниот завод за ревизија ќе ги објави во своите извештаи, а со цел нивно инкорпорирање во овој Посебен извештај. Беше констатирано дека реализација на ваква **институционалната соработка не е возможно да се реализира поради различните рокови за постапување на двете институции предвидени во погоре наведените закони**.

Имено, согласно член 32 став 10 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, ДКСК најдоцна во рок од три месеци од денот на завршување на изборите, до Собранието на РСМ доставува на разгледување посебен извештај за утврдените состојби во финансирањето на изборната кампања, односно најдоцна до август 2019 година, додека ревизиите што ДЗР треба да ги изврши согласно роковите предвидени во Изборниот законик се септември- ноември 2019 за избор на претседател, односно од март-мај 2020 за локалните избори.

## 2.2. ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕДМЕТИ

### 2.2.1. ПРЕДМЕТИ ОФОРМЕНИ ПО ПРИГОВОРИ ЗА НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ЧЛЕН 8-А И 8-Б ОД ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Во текот на изборниот период кој траеше од 08.02.-13.05.2019 година, до ДКСК беа доставени **22** приговори од организатор на изборна кампања со наводи за сомневање за сторени прекршувања и непочитување на членовите 8-а и 8-б од Изборниот законик и одредбите од член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Постапувајќи согласно со членот 33 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и членот 74 од Изборниот законик, во случај на поднесен приговор за непочитување на одредбата од член 8-а и член 8-б од Изборниот законик, ДКСК во текот на изборната кампања одржа пет седници кои беа отворени за јавноста. За одржувањето на јавните седници, ДКСК навремено упатуваше известувања до медиумите, до домашните и странски набљудувачи (ОБСЕ/ОДИХР Мисијата) со дневен ред во кој беа наведени приговорите, предмет за разгледување на закажаната јавна седница. На јавните седници каде беа присутни и повиканите овластени претставници на подносителите на приговорите, ДКСК ги разгледа и постапи по сите доставени 22 приговори со наводи за сомневања за можни злоупотреби на буџетски средства, јавни фондови и средства од јавни претпријатија и други правни лица кои располагаат со државен капитал.

Од вкупно 22 поднесени приговори, по разгледување на приложените писмени докази и добиените изјаснувања, во 18 од нив ДКСК констатира дека наводите не се потврдени и истите се одбиени, додека кај четири приговори ДКСК утврди дека наводите се основани за

што презеде конкретни мерки согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Во Анекс 3 прилог кон овој Извештај објавен е преглед на предмети по поднесени приговори по кои ДКСК постапуваше и донесе одлуки за нивно одбивање како неосновани.

### 2.2.2. ПРЕДМЕТИ ВО КОИ ДКСК УТВРДИ ДЕКА ПОСТОИ СОМНЕВАЊЕ ЗА СТОРЕНИ ПРЕКРШУВАЊА НА ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ ВО ИЗБОРНИОТ ПЕРИОД И ИМА ПРЕЗЕМЕНО СООДВЕТНИ МЕРКИ

1. Приговор поднесен од организаторот/учесник на изборна кампања - ВМРО-ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ЗА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО - Скопје, против Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, за непочитување на одредбата од членот 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот законик и за прекршување на одредбата од членот 34 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, сторено со исплата на 77 милиони денари на 2048 лозари по основ на долгот што винарските визби го имале кон лозарите за предаденото грозје во периодот од 15 август 2014 година до 15 ноември 2016 година. По разгледување на наводите во приговорот, прибавените дополнителни информации и изјаснувањето доставено од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, ДКСК на јавна седница одржана на 17.04.2019 година истакна дека не ги оспорува активностите на Владата и донесените мерки за исплата на дополнителна помош на лозарите за надминување на состојбата поради неможноста винариите Поварадие и Стефанс Винарија да ја исполнат својата обврска за исплата на откупеното грозје во периодот од 15 август 2015 до 15 ноември 2016 година поради отворени стечајни постапки. Со Законот за дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој објавен во Службен Весник на РМ број 27 од 05.02.2019, Одлука за утврдување на дополнителна помош како мерка за исплата на продаденото винско грозје објавено исто во Службен весник борј 32/19, овие исплати се дефинирани како дополнителна помош. Со Програма за измена и дополна на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година објавена во Сл. Весник 32/19 од 07.02.2019 и Утврден краен рок за почеток за исплатата, објавено исто така објавен во Сл весник 32/19,крајниот рок за почеток на исплата на средствата е февруари 2019 година. Утврдено е дека исплатата е извршена на ден 04.04.2019 година, односно во изборниот период, а од страна на Агенцијата не се доставени докази со кои ќе се оправда неопходноста, итноста или друг вид неодложност за исплата на оваа помош во изборниот период Имајќи предвид дека станува збор за исплата еднократна дополнителна помош, а не на годишни субвенциии, ДКСК констатира дека Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој била должна да ги почитува одредбите на членот 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот законик и членот 34 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и во периодот по 08.02.2019 година, односно по денот на донесување на одлуката за распишување на изборите за претседател на РМ и градоначалници на општините Дебар, Ново Село и Охрид, да не врши исплати од буџетот на РМ бидејќи овие исплати не се редовни исплати.
Донесена е одлука со која приговорот е усвоен.

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во законски утврдениот рок изјави тужба пред Управниот суд, кој со Пресуда ја уважи поднесената тужба и Одлуката на ДКСК ја поништи.

2. Приговор поднесен од организаторот/учесник на изборна кампања - ВМРО-ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ЗА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО - Скопје, против градоначалникот на општина Гази Баба, за прекршување на одредбата од членот 8-а од Изборниот законик и за прекршување на одредбата од членот 34 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, сторено со одржување на прес конференција од страна на градоначалникот и вработените на Општина Гази Баба по повод организирано обезбедување, физичко и патролно обезбедување, на сите единаесет основни училишта и две детски градинки, вклучувајќи ги и сите нивни десет објекти на трошок на Општина Гази Баба со кое, родителите на учениците во овие образовни институции се ослободуваат од плаќање на обезбедувањето и целиот износ од 4.000.000,00 (четири милиони) денари ќе го покрива општината од сопствениот буџет. Од наводите во приговорот, приложените докази и изјаснувањето дадено од Градоначалникот на општина Гази Баба, ДКСК на јавна седница 17.04.2019 година констатира дека средствата за предметната јавна набавка, во износ од 4.000.000,00 денари се предвидени во Буџетот на општина Гази Баба за 2019 година; предметната јавна набавка е предвидена со Годишниот план за јавни набавки на општината за 2019 година и постапката за предметната јавна набавка е спроведена согласно со Законот за јавните набавки и со Годишниот план за јавни набавки на општината за 2019 година.

По однос на наводите од приговорот кој се однесува на одржана прес конференција, се констатира дека во неколку медиуми е објавено соопштението посочено во приговорот, што се докажува со објави од интернет порталите - МИА , Плус инфо, Скопје инфо, А1 Он, Вечер прес и Мак прес, а каде е презентирана информацијата "Општина Гази Баба од 15 април 2019 година ќе го плаќа физичкото обезбедување на сите единаесет основни училишта и на две детски градинки, вклучувајќи ги сите нивни десет објекти, со што родителите ќе се ослободат од плаќањето на обезбедувањето". Воедно, во доставеното изјаснување од општина Гази Баба, се објаснува дека *„...договорот е потпишан во просториите на Општина Гази Баба, во присуство на директорите на сите основни училишта и ЈУДГ, претставници на економскиот оператор со кој се потпишал договорот и раководители на сектори и одделенија од општина Гази Баба...“* што претставува еден вид организирање на јавен настан и со што е сторено прекршување на членот 8-а од Изборниот законик.

Донесена е одлука со која приговорот делумно е усвоен, а се однесува прекршување на одредбата од членот 8-а став 2 алиниеа 1, а во врска со одржување на јавен настан – свечно потпишување на договор во присуство на сите корисници, по што иницирана е прекршочна постапка согласно со член 179 став 1 од Изборниот законик против службеното лице Борис Георгиевски градоначалник на општина Гази Баба.

Незадоволната страна – Градоначалникот на општина Гази Баба против Одлуката на ДКСК изјави тужба до Управниот суд, кој со Пресуда ја одби тужбата на тужителот како неоснована и ја потврди Одлуката на ДКСК.

Во тек е прекршочна постапка пред надлежниот суд.

3. Приговор поднесен од организаторот/учесник на изборна кампања - ВМРО-ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ЗА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО - Скопје, против општина Штип - градоначалник на општина Штип, за прекршување на одредбата од членот 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и за прекршување на одредбата од членот 34 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, сторено со донирање на дрва за огрев на социјално загрозени лица од општината во предизборниот период и нивна достава до истите со ангажирање на припадниците на противпожарната единица на општина Штип. По разгледување на наводите во приговорот, дополнително прибавените информации и даденото изјаснување по наводите во приговорот од Градоначалникот на општина Штип, ДКСК на јавна седница одржана на 17.04.2019 година констатира дека не се потврдуваат наводите дека постојат основи за сомневање за поткуп на гласачи со тоа што е извршен дотур на дрва за огрев во вид на донација на три социјално загрозени семејства на 13 и 15 февруари 2019 година, односно во период по распишување на Изборите 2019. Оваа постапка за донирање на дрва за огрев на социјално загрозени лица прекинала на 15 февруари 2019 година. Сепак, врз основа на неспорната фактичка состојба за тоа дека општина Штип вршела доделување на социјална помош изразена во дрва за огрев во период кога таквото постапување е забрането претставува прекршување на одредбата од членот членот од 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот законик и за прекршување на одредбата од членот 34 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Донесена е одлука со која приговорот делумно е усвоен, а се однесува прекршување на одредбата од членот 8-а став 1 алиниеа 2, а во врска со исплати на социјална помош или други материјални исплати, по што иницирана е прекршочна постапка согласно со член 179 став 1 од Изборниот законик против службеното лице Благој Бочварски - градоначалник на општина Штип.

Незадоволната страна – Градоначалникот на општина Штип против Одлуката на ДКСК изјави тужба до Управниот суд, кој со Пресуда ја одби тужбата на тужителот како неоснована и ја потврди Одлуката на ДКСК. Постапувајќи согласно одредбите на Законот за прекршоците, ДКСК пред поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд, му понуди на Градоначалникот на општина Штип една од забрзаните постапки – постапка за издавање на прекршочен платен налог за плаќање на со закон утврдениот износ на глоба, кој износ во законски утврдениот рок е платен од страна на Градоначалникот на општина Шип.

4. Приговор поднесен од организаторот/учесник на изборна кампања-ВМРО-ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ЗА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО - Скопје, против Градоначалникот и Претседателот на Советот на општина Куманово, за прекршување на одредбата од членот 8-б од Изборниот законик и членот 36 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, сторено со злоупотреба на имот во сопственост на единицата на локална самоуправа Куманово од страна на Градоначалникот и на Претседателот на Советот на Општината, поради користење на имот – сала за состаноци на Советот на општината, во изборна кампања, односно за одржување на средба со граѓани за изборни цели. Станува збор за настан – средба со граѓани од изборен карактер т.е. во рамките на кампањата за Претседател на РСМ, а со чие што одржување, од страна на Градоначалникот на Општина Куманово и претседателот на Советот на Општината, сторена е злоупотреба на имот во сопственост на единицата на локална самоуправа - Куманово и истиот бил искористен во

изборни цели. Настанот бил документиран и јавно објавен во медиумите и при тоа до претседателскиот кандидат седи претседателот на Советот на Општина Куманово. По разгледување на наводите во приговорот, прибавената документација и изјаснувањето на Градоначалникот на Куманово, ДКСК на јавна седница одржана на ден 06.05.2019 година констатира: *„Одржувањето на посочениот настан во доставениот приговор - средба помеѓу претседателскиот кандидат и група на граѓани, се случил во сала во објект кој се наоѓал на поголема оддалеченост од зградата на Општина Куманово"*. Објектот во кој се одржала средбата е зграда на Поранешен комитет – општествено - политички организации, која имала повеќе катови и била користена од повеќе корисници и тоа пред се од политичката партија СДСМ, но и од ВМРО ДПМНЕ и други политички партии, фондации, Сојуз на синдикати, Сојуз на борците, Општински одбор Куманово, Здружение на стечајни работници, Радиото Бум и други невладини организации и правни и физички лица, а согласно нивните потреби. Користењето на просториите во зградата, од страна на наведените корисници, било регулирано со Спогодба за техничко и инфраструктурно одржување на зградата склучена уште во 2000 година, по основ на финансиско учество во градбата на објектот.Поради постоење на технички систем за симултан превод на четири јазици во една од салите во оваа зграда, која по потреба ја користел и Советот на Општина, одлучено е оваа просторија да се искористи за одржување на средбата, бидејќи на подрачјето на Општината немало друга таква соодветна сала.

Од приложените фотографии може да се утврди дека посочениот настан се одржал во зградата на Поранешниот комитет односно во истата сала во која се одржувале и седници на Советот на Општина Куманово. Предметниот објект, што занчи и салата за состаноци, се во сопственост на РСМ, кој со одлука на Влада на РМ, правото на користење на истиот и е дадено на Општина Куманово. Во врска со овој објект, во тек е и судска постапка заради утврдување на сопственоста на зградата, поведена од страна на СДСМ како законски наследник на Сојузот на комунисти, кој како таков имал право на поседување и управување со конкретниот имот. Донесена е одлука со која приговорот се усвојува.

Незадоволната страна - Градоначалникот на општина Куманово и Претседателот на Советот на општина Куманово во законски утврдениот рок изјави тужба пред Управниот суд, кој со Пресуда ја уважи поднесената тужба и Одлуката на ДКСК ја поништи.

#### 2.2.2.1. ПРЕДМЕТИ ОТВОРЕНИ ПО СОПСТВЕНА ИНИЦИЈАТИВА НА ДКСК

Во текот на изборниот процес ДКСК по сопствена иницијатива врз основа на добиени информации од медиумите (по допрен глас) отвори три предмети и тоа:

**1**. ДКСК постапуваше по предмет отворен по сопствена иницијатива, како и по предмети оформени по пријави доставени од анонимни подносители, во врска со сознанија за донесени Указни за унапредување и поставување на старешини во Армијата на Република Северна Македонија од страна на Претседателот на РМ, д-р Ѓорге Иванов за време на изборниот период, донесени на 25 февруари 2019 година и објавени во "Службен весник на РСМ" на ден 26.02.2019 година, што претставува непочитување на забраните утврдени во Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба, ДКСК достави Барање за прибирање информации до Претседателот на Републиката, д-р Ѓорѓе

Иванов и до Министерството за одбрана на Република Северна Македонија, кои во рамките на законски утврдениот рок, односно во рок од 15 дена од приемот на барањето ги доставија бараните информации. По разгледување на наводите содржани во пријавите и добиените одговори од Кабинетот на Претседателот на Републиката и од Министерството за одбрана, ДКСК констатира:

– Указот бр.57 на Претседателот на РМ, д-р Ѓорге Иванов, со кој СЕ УНАПРЕДУВА во чин генерал потполковник–генерал мајор Васко Ѓурчиновски, донесен е на 25 февруари 2019 година, односно по денот на распишување на изборите, 8 февруари 2019 година, во период во кој според членот 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот законик и членот 34 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси не може да се вршат исплаќања на плати, пензии, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средства на јавните фондови кои не се редовни месечни исплати.

– Указот бр.60, Указот бр.61 и Указот бр.58, со кои СЕ ПОСТАВУВА полковник Драган Ковачки за командант на 1. механизирана пешадиска бригада во Здружената оперативна команда, СЕ ПОСТАВУВА полковник Бесник Емини за началник на Штаб во Здружена оперативна команда и СЕ ПОСТАВУВА бригаден генерал Орце Јордев за заменик командант на Здружена оперативна команда, ДКСК констатира дека истите се донесени по денот на донесување на Одлуката за распишување на изборите, 8 февруари 2019 година, во период во кој според член 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот законик и членот 34 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси не може да се вршат исплаќања на плати, пензии, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средства на јавните фондови кои не се редовни месечни исплати.

Во сите овие случаи ДКСК утврди дека со унапредувањето на старешината во повисок чин и поставувањето на старешините на формациски места генерал, од денот на донесувањето на Указите од Претседателот на Републиката и нивното извршување, на споменатите старешини ќе им се исплатува зголемена плата- различна и повисока од редовните месечни исплати што ги примале пред донесувањето и извршување на указите, дејствие кое е забрането во изборен период. Со преземањето на овие дејствија, Претседателот на РСМ проф. д-р Ѓорге Иванов сторил прекршување на одредбата од членот од 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот законик и одредбата од членот 34 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

ДКСК донесе одлука за поведување на прекршочна постапка согласно члено 179 став 1 од Изборниот законик против службеното лице д-р Ѓорге Иванов, Претседател на Република Северна Македонија. Постапувањето по поднесеното барање за поведување прекршочна постапка е во тек.

**2.** ДКСК на Деветтата седница одржана на ден 17.04.2019 година донесе заклучок да отвори постапка за утврдување на фактичката состојба, по допрен глас, во врска со наводи во Соопштението на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на РСМ и на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој- АФПЗРР, објавено на нивните веб страница на ден 16.04.2019 година, во кое/и е наведено дека од страна на Агенцијата биле исплатени над 80% од вкупно планираната сума за субвенции за тутунот од реколтата 2018-та, а на сметките на 26.776 тутунопроизводители истиот ден се исплатени над

27 милиони евра. За останатите, исплатата ќе била реализирана во следните неколку дена. Од наводите во објавените соопштенија се констатира дека се работи за случај на постоење на сомневање за прекршување на одредбите од Изборниот законик за забрана за употреба на буџетски средства, односно забранети дејствија на јавните институции од денот на распишување на изборите.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет од АФПЗРР беа побарани податоци, информации и документи од постапката за исплата на предметните субвенции и тоа за основот и висината на планираниот износ на буџетски средства наменети за исплата на финансиски средства на тутунопроизводителите за тутунот од реколтата 2018-та година; како и за податоци и документација за основот, начинот, износите и динамиката, односно за термините и роковите на исплата на овој вид на субвенции за тутунот на тутунопроизводителите во претходните три години - 2018, 2017 и 2016 година.

На 18-та седница на ДКСК одржана на ден 03.06.2019 година, поаѓајќи од наводите од објавените соопштенија на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на РСМ и на АФПЗРР, објавено на нивните веб страници на ден 16.04.2019 година, а во контекст и врз основа на доставениот одговор, списи и произнесување на АФПЗРР, ДКСК во целината на случајот констатира дена се работи за планирани исплати на финансиски средства за кои како краен рок за почеток на исплата е утврден месец април 2019 година, дека реализацијата на исплатите е вршена според количини на необработен тутун од реколта 2018 година внесени во Електронскиот систем за евиденција на тутун (ИСЕТ) од страна на правни лица регистрирани во Регистарот на откупувачи на тутун; дека исплатите се вршени согласно со Законот за земјоделство и рурален развој, Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој и согласно со предвидениот износ на финансиски средства за мерка 1 "директни плаќања за растителни производи" од Програмата за финансиска подршка во земјоделството за 2019 година, како и согласно со Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за произведен и продаден необработен тутун од реколта 2018 година, па оттаму и дека со вршењето на истите во периодот на изборниот процес, не е сторено прекршување на член 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот законик и член 34 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
Донесена е одлука дека ДКСК нема елементи за натамошно постапување во конкретниот предмет.

**3**. Предмет оформен по сопствена иницијатива на ДКСК, врз основа на објави во медиуми во кои е наведено дека „не престануваат злоупотребите и поистоветувањето на државата со партијата" и дека порталот Економски Лидер, по доставени фотографии од читатели, објавил фотографии од раководителот на секторот за хортикултура во ЈП "Водовод и Канализација" Скопје, сликан во канцелариските простории на ЈП со блуза со партиски обележја со која бил и на митингот на СДСМ". До ДКСК од страна ЈП "Водовод и канализација" Скопје, доставен е одговор со прилог - Записник од сослушувањето на раководителот на службата за хортикултура во ова јавно претпријатие, во врска со носењето на облека со партиски симболи на работно место. Тој истакнал дека блузата ја носел за лично задоволство и истата не била користена за пропаганда и притисок над било кој вработен. Исто така лицето изјавило дека по завршување на работното време, на ден 14.04.2019 година присуствувал на закажаниот митинг за

претседателски кандидат. Од страна на Јавното претпријатие доставено е известување дека против лицето, поведена е постапка за утврдување на одговорност, поради кршење на работниот ред и работната дисциплина.

По разгледување на наводите содржани во пријавата и дополнително доставените податоци и документи, ДКСК констатира дека наводите за прекршување на членот 8-б од Изборниот законик се основани и дека надлежната институција – Јавното претпријатие "Водовод и канализација"-Скопје каде лицето е вработено, постапила во конкретниот случај и презела законски активности и мерки преку поведување постапка за утврдување на одговорност поради кршење на работниот ред и работната дисциплина.

Донесена е одлука дека ДКСК нема елементи за натамошно постапување во конкретниот предмет.

### 2.2.2.2. ПРЕДМЕТИ ОТВОРЕНИ ПО ПРИЈАВИ ДОСТАВЕНИ ОД ГРАЃАНИ

Во периодот од 08.02.2019.-13.05.2019 година, до ДКСК беа доставени 32 пријави од граѓани, политички партии и други субјекти во кои беше укажано сомневање за сторени нерегуларности и незаконитости од одговорни и службени лица во државни органи, јавни претпријатија и други правни лица, за кои согласно своите законски надлежности, ДКСК оформи 32 предмети. Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во секој од конкретните предмети, ДКСК упати барања за прибирање на податоци и информации до разни институции.

Во досегашното постпаување на ДКСК, 13 од предметите се решени, додека за 19 предмети постапувањето на ДКСК е сеуште во тек. Што се однесува до резултатите од постапување по овие предмети, во еден предмет ДКСК упати Барање за поведување на прекршочна постапка до надлежен суд, додека во 12 предмети е утврдено дека наводите содржани во пријавите не се основани.

Постапувањето на ДКСК во 19 предмети е сеуште во тек.

## 3. ПОСТАПУВАЊЕ НА ДКСК ВО ВРСКА СО ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ОД УЧЕСНИЦИТЕ ВО ИЗБОРНАТА КАМПАЊА 2019 ГОДИНА

На изборот за Претседател на Република Северна Македонија 2019 година учествуваа три учесници во изборната кампања – утврдени листи на независни кандидати поддржани од коалиции и политички партии кои согласно со Изборниот законик организираа изборна кампања со цел претставување на своите програми и кандидати за Претседател на Република Северна Македонија, додека на предвремените избори за градоначалник на општина Охрид, градоначалник на општина Ново Село и градоначалник на општина Дебар учествуваа шест учесници на изборната кампања. Организацијата на изборната кампања, обезбедувањето и користењето на финансиските средства за водење на изборната кампања како и севкупното финансирање и финансиско работење, се уредени со законски прописи кои учесниците во изборниот процес се должни да ги почитуваат.

Во однос на примената на одредбите на Изборниот законик, учесниците во изборната кампања имаат обврска до ДКСК, ДЗР и ДИК да достават финансиски извештај за приходите и расходите на жиро - сметката на изборната кампања за првите 10 дена, за втората половина

од изборната кампања, за вториот круг гласање и вкупни финансиски извештаи за изборната кампања во рокови утврдени во членот 84-б и членот 85 од Изборниот законик. Постапувајќи согласно со одредбите од Изборниот законик, ДКСК пристапи кон прибирање и објавување на својата веб страница на доставените финансиски извештаи на учесниците на изборната кампања за првите 10 дена, за втората половина од изборната кампања, за вториот круг гласање, како и на извештаите за рекламниот простор искористен од секој од учесниците во изборната кампања доставени од страна на радиодифузерите и печатените медиуми.

Од увидот во евиденцијата на примените финансиски извештаи утврдена е следната фактичка состојба:

- Претседателски избори 2019 година
  - Учесникот на изборната кампања-Гордана Силјановска Дафкова-Кандидат за Претседател на Р.Северна Македонија **не поднел** финансиски извештај за втората половина на изборната кампања до ДКСК;

- Предвремените избори за градоначалник на општина Охрид, градоначалник на општина Ново Село и градоначалник на општина Дебар;

  - Учесникот на изборната кампања - Политичката партија ДЕМОКРАТИ **не поднел** финансиски извештај за првата и втората половина на изборната кампања до ДКСК;
  - Учесникот на изборната кампања -Политичката партија ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата **не поднел** финансиски извештај за втората половина на изборната кампања до ДКСК и
  - Учесникот на изборната кампања- Политичката партија Демократската унија за интеграции **не поднел** финансиски извештај за втората половина на изборната кампања до ДКСК.

Ова укажува дека и покрај задолжителната обврска за доставување на извештаи утврдена во Изборниот законик, учесниците во изборната кампања истата не ја исполнуваат во целост. Ваквата состојба произлегува од тоа што институциите за контрола и надзор, ДКСК и ДИК немаат законска надлежност да ги санкционираат учесниците во изборната кампања за неподнесување на првичните финансиски извештаи. Таа можност е предвидена со членот 179 од Изборниот законик и се однесува само за неподнесување на вкупниот финансиски извештај од учесникот во изборната кампања.

Согласно одредбата од членот 85 од Изборниот законик, секој учесник во изборната кампања е должен веднаш, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на затворање на трансакциската сметка, а која треба да се затвори во рок од три/девет месеци од денот на објавување на конечните изборни резултати, да поднесе вкупен финансиски извештај за изборната кампања до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Рокот за доставување на вкупните финансиски извештаи за изборната кампања од страна на учесниците во изборната кампања на Изборите 2019 до ДКСК е во тек.

## 4. КОНСТАТАЦИИ ОД ПОСТАПУВАЊЕТО ПО ПРЕДМЕТИ НА ДКСК - ДОБРО УПРАВУВАЊЕ

Во текот на постапувањето и одлучувањето по конкретни предмети оформени по пријави или по сопствена иницијатива, ДКСК дојде до констатации дека голем број државни институции, јавни претпријатија и други правни лица кои располагаат со државен капитал, од започнувањето па се до завршување на изборниот период 2019 година ги почитуваа одредбите од Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и постапуваа во согласност со истите.

Во делот на постапките за вработување, општа е констатацијата дека во најголем број случаи е почитувана забраната за вработување на нови работници или престанок на работниот однос, утврдена во членот 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и членот 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Со денот на донесувањето на Решението за распишување на изборите за Претседател на Република Северна Македонија и изборите за градоначалници во трите општини на 08.02.2019 година, започнатите постапки за вработување во повеќето државни институции беа ставени во мирување. Најголемиот број постапки за вработување на нови работници во текот на изборниот период, беа реализирани во случај на итни и неодложни работи и тоа најмногу во образованието поради специфичноста и потребата од континуитет во образовниот процес, како и кај повеќе јавни претпријатија чии годишни активности се поврзани со вршење сезонски работи (чистење на канали, чистење на јавни површини и друго), за што потребно е обезбедување на сезонски работници во првиот квартал од годината. Овие констатации ДКСК ги утврди и при извршениот увид во доставените извештаи од извршен надзор и контрола од страна на државните инспекциски служби (Државниот прсветен инпсекторат, Државен инсекторат за труд и Дравниот управен инспекторат), каде беа нотирани конкретни случаи на вработувања во услови на реални потреби од итни и неодложни работи во разни државни институции.

Во однос на отпочнување на изградба со средства од буџетот или од јавни фондови или со средства на јавни претпријатија и други правни лица кои располагаат содржвен капитал, ДКСК констатира дека во најголем број случаи беа почитувани забраните утврдени во членот 8-а од Изборниот законик. Од прибавената документација во предметите по кои се постапуваше, видно е дека сите активности што државните институции ги преземале /извршувале во почетокот на годината, се претходно планирани и утврдени во годишни програми донесени на крајот на минатата 2018 година, врз основа на конкретен закон и за истите се планирани и обезбедени финансиски средства во буџетот на институциите за 2019 година, по годишни планови донесни во законски рокови, веќе склучени договори по претходно спроведени постапки.

Во сите конкретни случаи ДКСК констатира дека во годишните програми, како период на извршување/изведување на активностите (изведување работи/обезбедување услуги и стоки) наведени се првите три месеци од годината, како што е и во претходните години, кој период оваа година се совпадна со времетраењето на изборниот процес. ДКСК утврди неколку вакви случаи, меѓу кои може да се спомене случајот со субвенционирање на граѓани на подрачјето на Град Скопје за купување на велосипеди по јавен повик објавен на 11 март 2019 година со времетраење до исполнување на предвидениот буџет. Иако мерката била планирана

со годишна програма на Град Скопје донесена во 2018 година, нејзината реализиција во изборниот период по принцип на исплата "прв дојден - прв услужен"може да се толкува како прикриена форма на поткуп на гласачи, како дадени ветувања и корист во форма на исплатени субвенции во износ од 50% од вредноста на велосипедот од причина што повикот не содржи одредба и напомена дека исплатата на субвенциите ќе се врши после завршување на изборниот процес. Во насока на исполнување на своите надлежности согласно член 37 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК до Јавното обвинителство достави Известување за постапување по основ на сомневање за потпкуп на избирачи. Од страна на Град Скопје на ден 23.04.2019 година беше доставено известување дека Советот на Град Скопје донел Одлука за дополнување на Одлуката за определување на максималниот износ за доделување на поединечна субвенција на граѓаните за купување велосипеди во 2019 година (Службен гласник на Град Скопје: бр. 05/19), каде е утврдено дека финансиските средства ќе се исплатат по завршување на претседателските избори.

Од овој, како и од други слични случаи, ДКСК најде за потребно да укаже дека реално постојат елементи за сомневање за поткуп на гласачите од страна на општините, кога во своите годишни програми ваквите мерки наменети за граѓаните се планираат во период за кој однапред се знае дека ќе биде период на изборен процес.

Во функција на следење на активностите на државните органи во периодот од објавување на одлуката за распишување на избор за претседател на Република Северна Македонија и за распишување на предвремени избори за градоначалник на општина Охрид, градоначалник на општина Ново Село и градоначалник на општина Дебар, ДКСК посочува на неколку активности кои може да се препознаат или оддаваат впечаток на суптилно влијание над гласачкото тело, како што се:

- Објавата на премиерот на Република Северна Македонија на ден 02.05.2019 година за намалување на даночната стапка за парно греење од 18% на 5%, како и донесување на нов тарифен систем за продажба на топлинска енергија;
- Донесување на Програма за финансиска подршка на земјоделството за 2019 година со која е воведена мерката „зелена нафта" со која треба да бидат опфатени 55.000 производители на храна, а за набавка на гориво за земјоделска механизација;
- Промоција на Оперативниот план за активни мерки и програми за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година „Шанса за сите" кој план треба да се реализира преку Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и Министерство за труд и социјална политика.

ДКСК ја користи оваа прилика да укаже дека државните институции треба во наредниот период да внимаваат не само на почитување на законските норми од Изборниот законик и други закони што го регулираат изборниот процес, туку да внимваат и на начелата на добро управување и интегритетот, кои пред се и влијаат на легитимитетот на севкупниот изборен процес.

## 5. СИСТЕМСКИ НЕДОСЛЕДНОСТИ И СЛАБОСТИ

Применувајќи ги одредбите на Изборниот законик и Законот за спречување на корупција и судир на интереси особено во делот на постапување на ДКСК, констатирани се одредени недоречености, а се однесуваат на:

- Со Член 8-б од Изборниот законик предвидено е дека за потребите на изборната кампања, забрането е користење на канцелариски простор, канцелариска опрема и службени возила на државните органи, освен лицата на кои се однесуваат посебните прописи за заштита на личноста. Исто така забрането е и вршење и обид за вршење притисок и заплашување на гласачи или членови на нивните семејства или ним блиски лица. Со прекршочните одредби на Изборниот законик не се предвидени казни и санкции за оваа забрана што истата ја прави неефикасна.

- Со Член 8-а став 3 од Изборниот законик и член 34 став 1 алинеа 3 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, пропишано е дека не може да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи. Констатирано е дека иако институциите ја почитуваат оваа забрана, сепак постои потреба од **допрецизирање на „поимот итни и неодложни работи“** по можност во Изборниот законик, бидејќи примената на Законот за работни односи кој го уредува овој вид на вработување остава простор за негова злоупотреба, а со тоа и можност за политичко влијание.

- Согласно член 33 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, по поднесен приговор од организаторот на изборна кампања, ДКСК отвора постапка за утврдување на фактичката состојба. Во текот на постапката, подносителот на приговорот, како и претставник на јавната институција против која е поднесен приговорот се повикува и има право да присуствува на јавна седница. Со ваквото законско решение **не е докрај уредено правото на учество во расправата на засегнатите страни,** односно не е јасно дали во текот на седницата истите имаат право на изнесување/образлагање на своите факти и аргументи за конкретниот настан, а врз основа на што ДКСК ќе ја донесе својата одлука.

- Согласно член 32 став 10 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, ДКСК најдоцна во рок од три месеци од денот на завршување на изборите, до Собранието на РСМ доставува на разгледување посебен извештај за утврдените состојби во финансирањето на изборната кампања. Според член 85 став 1, а во врска со член 71 ставови 10 и 11 од Изборниот законик, организаторите на изборните кампањи вкупните финансиски извештаи треба да ги достават до ДКСК, ДЗР и ДИК во рок од 30 дена од затворањето на трансакциската сметка, односно по три месеци – од објавување на конечните резултати за претседателски и праламентарни избори, односно во рок од девет месеци од објавување на конечните резултати за локални избори. Со ова се доведеува во прашање можноста ДКСК да следи од кои извори се

финансираат изборбните кампањи, што како надлежност и е дадена во член 35 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, односно создава објективна пречка посебниот извештај на ДКСК да несодржи наоди од вкупните финансиски извештаи на организаторите на изборните кампањи.

## 6. ЗАКЛУЧОЦИ

1. Постапувајќи согласно член 32 став 10 од Законот за спречување на корупцијата, ДКСК подготви Посебен Извештај за утврдените состојби во финансирањето на изборната кампања – Претседателски избори и предвремени избори за градоначалник на општина Охрид, градоначалник на општина Ново Село и градоначалник на општина Дебар 2019 година со цел запознавање на Собранието на Република Северна Македонија со констатациите за утврдените состојби.

2. Во функција на исполнување на својата превентивна улога, ДКСК на својата веб страна објави Соопштение укажувајќи на законските забрани и норми на однесување на институциите и носителите на јавни функции во изборниот период кои се предвидени со членовите 8-а, 8-б и 8-в од Изборниот законик, како и членовите 33 до 35 во Законот за спречување на корупција и судир на интереси.

3. Во извештајниот период ДКСК, постапи по вкупно 57 предмети од кои 32 предмети оформени по пријави од граѓани, три предмети отворени по сопствена иницијатива и 22 предмети оформени по поднесени приговори од организатори на изборна кампања со наводи за сомневање за сторени прекршувања и непочитување на членовите 8-а и 8-б од Изборниот законик и одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Од вкупно 57 предмети решени се 38, а по останатите постапките се во тек.
   Од 22 приговори поднесени од организатори на изборна кампања, кај 18 од нив ДКСК констатира дека наводите не се потврдуваат и приговорите се одбиени, додека кај четири приговори утврди дека наводите се основани и презеде конкретни мерки согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

4. Постапувајќи согласно со одредбите од Изборниот законик, ДКСК на својата веб страница ги објави доставените финансиски извештаи од учесниците во изборната кампања за првите 10 дена, за втората половина од изборната кампања, за вториот круг гласање, како и извештаите за рекламниот простор искористен од секој од учесниците во изборната кампања доставени од страна на радиодифузерите и печатените медиуми.
   Рокот за доставување на вкупните финансиски извештаи за изборната кампања од страна на учесниците во изборната кампања за Изборите 2019 до ДКСК е во тек.

5. Иако голем број државни институции, јавни претпријатија и други правни лица кои располагаат со државен капитал, од започнувањето па се до завршување на изборниот период 2019 година ги почитуваа и постапуваа во согласност со одредбите од Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК препозна

определени активности кои го нарушуваат интегритетот на изборниот процес преку влијание над гласачкото тело.

6. Применувајќи ги одредбите на Изборниот законик и Законот за спречување на корупција и судир на интереси особено во делот на постапување на ДКСК, констатирани се недоречености и слабости во законските решенија.

7. Заради продлабочување на соработката со граѓанските организации во однос на следење на законитоста на користењето односно располагањето со буџетските средства и ризиците од можните злоупотреби на јавните средства во текот на избоите, ДКСК и ГО ќе утврдат методологија за заедничко делување во текот на наредните изборни процеси.

## 7. ПРЕПОРАКИ

Во насока на надминување на утврдените состојби и унапредување на изборниот процес, Државната комисија за спречување на корупција, предлага Собранието на Република Северна Македонија да ги преземе следниве активности:

Да утврди потреба и да се пристапи кон усогласување на Изборниот законик во делот на:

- Усогласување на одделни рокови и прекшочни одредби. При усогласувањето да се имаат во предвид состојбите наведени во точка 5 од овој Извештај како и укажувањата на Државниот завод за ревизија во делот на утврдени системски слабости кои се објавени во сите извештаи од извршените ревизии на финасиските извештаи на учесниците во изборните кампањи за изборните процеси во 2017 и 2016 година;

- Да се предвидат механизми со кои ќе се спречи влијание врз гласачкото тело манифестирано преку промоции на политики, носење на мерки и одлуки во изборен период. Потребно е институциите да ги почитуваат не само законските норми од Изборниот законик и други закони што го регулираат изборниот процес, туку да внимаваат и на начелата на добро управување и интегритет, преку што во крајна линија се цени и легитимитетот на севкупниот изборен процес;

- Да се изврши усогласување на прекшочните санкции предвидени со Изборниот законик, со ингеренциите на ДКСК, ДИК и ДЗР во спроведување на прекршочните постапки согласно нивните материјални закони.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА**
**СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

# А Н Е К С 1

**Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси**
**(Службен весник на РМ 12/2019)**

## IV. Следење на законитоста на финансирањето на изборните кампањи

Член 32

(1) Во случај на постоење на сомневање за незаконито финансирање на изборна кампања, Државната комисија по сопствена иницијатива или по приговор од организатор на изборна кампања или акредитирани набљудувачи поведува постапка за утврдување на фактичката состојба.
(2) Државната комисија приговорот од ставот (1) на овој член го доставува до лицето против кое е поднесен, во рок од 24 часа од приемот на приговорот.
(3) Лицето од ставот (2) на овој член може да се изјасни за наводите во приговорот во рок од три дена од денот на неговиот прием.
(4) Државната комисија е должна на јавна седница во рок не подолг од пет дена од денот на приемот на приговорот да ги испита наводите и да постапи по приговорот.
(5) Државната комисија одлучува по приговорите на јавна седница и е должна во рок од 24 часа од денот на закажаната јавна седница, одлуката да ја објави на својата веб страница. На јавната седницата се повикува и има право да присуствува подносителот на приговорот, како и овластен претставник на организаторот на кампањата против кого е поднесен приговорот.
(6) Против одлуката од ставот (5) на овој член дозволена е тужба до Управниот суд во рок од 24 часа од добивањето на одлуката. Управниот суд е должен да донесе одлука во рок од 48 часа од приемот на тужбата.
(7) Доколку се утврди дека сомневањата од ставот (1) на овој член се основани, Државната комисија е должна да иницира постапка за утврдување одговорност пред надлежните органи во рок од 15 дена од донесената одлука.
(8) Организаторите на изборна кампања се должни до Државната комисија да ги достават извештаите за финансирање на изборната кампања во рок утврден со Изборниот законик.
(9) Организаторите на изборните кампањи се должни да достават и други податоци по барање на Државната комисија заради спроведување на нејзината надлежност за следење на законитоста на финансирањето на изборните кампањи.
(10) Државната комисија, најдоцна во рок од три месеци од денот на завршувањето на изборите, до Собранието на Република Македонија доставува на разгледување посебен извештај за утврдените состојби во финансирањето на изборната кампања. Извештајот се објавува и на веб страницата на Државната комисија.

## Контрола на злоупотреба на буџетски средства во периодот по распишување на избори

Член 33

(1) Државната комисија е надлежна да ја следи законитоста на користењето, односно располагањето со буџетските средства од денот на распишувањето до завршувањето на изборите.

(2) Во случај на прекршување на одредбите од Изборниот законик за забрана за употреба на буџетски средства, односно забранети дејствија на јавните институции од денот на распишување на изборите, како и прекршување на одредбите од овој закон кои регулираат забранетo постапување од моментот на донесување одлука за распишување на изборите, Државната комисија по сопствена иницијатива или по поднесен приговор од организаторот на изборна кампања, отвора постапка за утврдување на фактичката состојба.
(3) Државната комисија приговорот од ставот (1) на овој член го доставува до лицето против кого е поднесен во рок од 24 часа од приемот на приговорот. Лицето може да се изјасни за наводите во приговорот, во рок од три дена од денот на приемот на приговорот.
(4) Државната комисија е должна на јавна седница во рок не подолг од пет дена од денот на приемот на приговорот да ги испита наводите и да постапи по приговорот.
(5) Државната комисија одлучува по приговорите на јавна седница и е должна во рок од 24 часа од закажаната јавна седница, одлуката да ја објави на својата веб страница. На јавната седницата се повикува и има право да присуствува подносителот на приговорот, како и овластен претставник на јавната институција против која е поднесен приговорот.
(6) Против одлуката од ставот (5) на овој член дозволена е тужба до Управниот суд во рок од 24 часа од добивањето на одлуката. Управниот суд е должен да донесе одлука во рок од 48 часа од приемот на тужбата.
(7) Доколку се утврди дека сомневањата од ставот (2) на овој член се основани, Државната комисија е должна да иницира постапка за утврдување одговорност пред надлежните органи во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката.

**Забрана за нови инвестиции и вонредни исплати**

Член 34

Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и на градот Скопје, не може:
- да започне изградба со средства од буџетот или од јавни фондови или со средства на јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал на нови објекти во инфраструктурата, како патишта, водоводи, далноводи, канализација и други објекти или на објекти за општествени дејности - училишта, градинки и други објекти, освен ако за таа намена претходно се обезбедени средства од буџетот, односно се работи за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година,
- да се вршат исплаќања на плати, пензии, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средства на јавните фондови кои не се редовни месечни исплати, односно сите едногодишни трансфери и исплати или еднократни трансфери од буџетски средства или од средства на јавни фондови, ниту да се отуѓува државен капитал, ниту да се потпишуваат колективни договори,
- да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи.

Забрана за користење противправни и анонимни извори на финансирање за време на избори

Член 35

(1) Политичка партија или кандидат на изборите не смеат да прибираат и користат средства противправно или од анонимни извори.
(2) Ако се појави сомневање дека политичка партија или кандидат на изборите користеле средства противправно или од анонимни извори, Државната комисија ќе побара од надлежните органи да извршат проверка на изворот на средства и до неа да достават детален извештај за користењето на средствата.
(3) Проверката на приливот на средствата или други уплати преку банка, по барање на Државната комисија, не претставува повреда на банкарска тајна.
(4) Доколку се утврди дека сомневањата од ставот (2) на овој член се основани, Државната комисија во рок од седум дена од денот на утврдување на основаноста на сомневањата, иницира постапка за утврдување одговорност пред надлежните органи.

**Утврдување на злоупотреба на финансирање на политички партии за време на изборна кампања**

Член 36

(1) Кога постојат основи за сомневање дека имот во сопственост на Република Македонија или на единиците на локалната самоуправа или буџетски средства или средства од јавни фондови, јавни претпријатија, јавни установи или други правни лица што располагаат со државен капитал се непосредно или посредно, преку инвестициони работи или на друг начин, користени за изборна кампања или воопшто за финансирање на изборна и друга политичка активност, Државната комисија презема мерки за утврдување на таквите сомневања.
(2) Доколку Државната комисија утврди дека сомневањата од ставот (1) на овој член се основани, за тоа без одлагање ќе ги извести надлежните органи и ќе побара од нив да преземат активности во рамките на нивните надлежности.
(3) Државната комисија најдоцна во рок од три месеци од денот на завршувањето на изборите му доставува посебен извештај на Собранието на Република Македонија за утврдените злоупотреби во финансирањето на изборната кампања. Извештајот се објавува во средствата за јавно информирање.

**Изборен законик**

(„Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19)

Член 8-а

(1) Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може:
- да се започне изградба со средства од буџетот или од јавни фондови или со средства на јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал на нови објекти во инфраструктурата како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности училишта, градинки и други објекти, освен ако за таа намена претходно се обезбедени средства од буџетот, односно се работи за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година;
- да се вршат исплаќања на плати, пензии, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средства на јавните фондови кои не се редовни месечни исплати односно сите едногодишни трансфери и исплати или еднократни трансфери од буџетски средства или од средства на јавни фондови ниту да се отуѓува државен капитал ниту да се потпишуваат колективни договори и
- да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи.

(2) Во периодот од 20 дена пред отпочнување на изборна кампања па до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите и до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може:
- да се исплаќаат субвенции кои не се редовни месечни исплати;
- да се одржуваат јавни настани по повод започнување на изградба или пуштање во употреба на објекти со средства од Буџетот или од јавни фондови, или со средства на јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал, во инфраструктурата како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности училишта, градинки и други објекти. Под забрана за одржување на јавни настани не се подразбира, особено: давање на јавна изјава на носител на јавна функција или кандидат за носител на јавна функција на митинг, интервју на медиум, дебата на медиум или одговор на новинарско прашање.

(3) Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република

Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје, Министерството за финансии е должно сите буџетски исплати, освен редовни плати, пензии и комунални трошоци, да ги објавува јавно на интернет страна во посебна база за буџетски трошоци во изборен период.

(4) Министерството за финансии две недели по распишување на изборите поднесува предизборен финансиски извештај во кој ќе биде опфатен преглед на сите планирани и реализирани приходи и расходи од Буџетот по ставки, во периодот од почетокот на фискалната година до денот на поднесување на извештајот кој се објавува на веб страната на Министерството за финансии.

Член 8-б

За потребите на изборната кампања, забрането е користење на канцелариски простор, канцелариска опрема и службени возила на државните органи, освен лицата на кои се однесуваат посебните прописи за заштита на личноста.

Забрането е вршење и обид за вршење притисок и заплашување на гласачи или членови на нивните семејства или ним блиски лица.

Член 71

(1) Заради прибирање на средства за финансирање на изборната кампања, политичката партија, коалиција, носителот на независна листа од група избирачи односно лица кои имаат намера да се кандидираат, пред надлежниот орган задолжително обезбедуваат ЕДБ со назнака „за изборна кампања" и кај носител на платен промет во Република Македонија отвораат трансакциона сметка со назнака „за изборна кампања" и истите неможе да се користат за друга намена.

(2) Субјектите од ставот (1) на овој член се должни да обезбедат ЕДБ и да ја отворат трансакционата сметка од ставот (1) на овој член најдоцна 48 часа по потврдување на листата за кандидати, а најрано 48 часа по распишување на изборите и во тој рок од 48 часа доказот за обезбеден ЕДБ и отворената трансакциона сметка се доставува до надлежната изборна комисија.

(3) Обезбедувањето на ЕДБ и отворањето на трансакциона сметка од ставот (1) на овој член за коалиција, политичка парија, група избирачи, односно лица кои имаат намера да се кандидираат, се уредува со договор за коалиција, односно изјава на волја заверена на нотар за политичка парија, група избирачи, односно лица кои имаат намера да се кандидираат.

(4) Ако политичката партија, коалицијата, носителот на независна листа од група избирачи односно лица кои имаат намера да се кандидираат не обезбедат ЕДБ и не отворат трансакциона сметка во роковите од ставот (2) на овој член, кандидатската листа се отфрла со решение на надлежната изборна комисија, односно потврдената листа за кандидати се поништува со решение на надлежната изборна комисија.

(5) Кога трансакциона сметка е отворена од страна на носителот на независната листа од група избирачи односно лицата кои имаат намера да се кандидираат, потписник на трансакционата сметка е носителот на независната листа или лице овластено од него.

(6) На трансакционата сметка од ставот (1) на овој член, ќе се депонираат сите средства добиени од правни или физички лица за финансирање на изборната кампања. Донации за

финансирање на изборната кампања можат да се уплатуваат исклучиво на трансакциона сметка од ставот (1) на овој член, најдоцна до рокот определен за доставување на финансиски извештај за финансирање на изборната кампања утврден во членот 85 став (1) од овој законик.

(7) На трансакционата сметка од ставот 1 на овој член, можат да се депонираат и средства од основната жиро сметка на полтитичката партија, како и од посебните жиро сметки за средствата обезбедени преку кредит. Политичката партија може да врши пренос од трансакциската сметка од ставот 1 на овој член на основната жиро сметка на партијата.

(8) Во случај на не поднесување, односно не потврдување на листата на кандидати, субјектите од ставот (1) на овој член кои обезбедиле ЕДБ и отвориле трансакциона сметка должни се непотрошените донации да ги вратат на давателите на донацијата сразмерно на донираниот износ во рок од 60 дена.

(9) Во случај на здружување за заедничко настапување за време на одржување на избори на субјектите од ставот (1) на овој член, кои пред склучувањето на договорот за коалиција обезбедиле ЕДБ и отвориле трансакциона сметка, должни се ЕДБ да го избришат од регистарот на надлежниот орган, а отворената трансакциона сметка да ја затворат со пренесување на средствата, правата и обврските на трансакционата сметка, отворена согласно договорот за коалиција и обезбедениот ЕДБ во роковите од ставот (2) на овој член.

(10)Сите средства наменети за финансирање на изборната кампања се уплатуваат на трансакционата сметка од ставот (1) на овој член и сите трошоци за кампањата исклучиво ќе се покријат од средствата на таа сметка.

(11)Трансакциската сметка под став 1 на овој член се затвора во рок од три месеци од денот на објавување на конечните изборни резултати од одржаните избори за претседател на Република Македонија и избори за пратеници во Собранието на Република Македонија.

(12)Трансакциската сметка од став (1) на овој на овој член се затвора во рок од девет месеци од денот на објавување на конечните изборни резултати од одржаните избори за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје, избор за градоначалник на општината и градоначалник на градот Скопје.

Член 84-б

(1) Учесникот во изборната кампања е должен 11-тиот ден од денот на изборната кампања да поднесе финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите на жиро – сметката за изборна кампања од денот на нејзиното отворање до крајот на десеттиот ден од изборната кампања.
(2) Учесник во изборната кампања е должен еден ден пред одржувањето на вториот круг на гласање да поднесе финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите на трансакциската - сметка за изборната кампања за вториот круг на гласање.
(3) Учесникот во изборната кампања е должен еден ден по завршување на изборната кампања да поднесе финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите на жиро – сметката за изборна кампања за втората половина од изборната кампања.
(4) Извештаите од ставовите (1) и (2) на овој член се поднесуваат на образец пропишан од министерот за финансии во кој се содржани податоците за име односно назив на донаторот, вид и вредност на донации, датум на добивање на донации и расходите за секоја донација и приходи и расходи за време на изборната кампања, како и податоци за донации примени од трето лице.
(5) Составен дел на образецот од ставот (4) на овој член е Упатството за начинот на пополнување на образецот на извештајот
(6) Извештаите се поднесуваат до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и

до Државната комисија за спречување на корупцијата, кои се должни да ги објават на своите веб страници.

(7) Извештаите кои што политичките субјекти ги доставуваат согласно став (6) се должни да ги објават и на своите веб страници.

Член 85

(1) Учесникот во изборната кампања е должен веднаш, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на затворање на трансакциската сметка од член 71 став (10) да поднесе вкупен финансиски извештај за изборната кампања.

(2) Финансискиот извештај за изборната кампања се поднесува на образецот од член 84-б став (3) од овој законик.

(3) Финансискиот извештај се поднесува до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупцијата и Собранието на Република Македонија, а за локалните избори и до советот на општината и советот на градот Скопје.

(4) Финансискиот извештај од ставот (3) на овој член Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата јавно ги објавуваат на своите веб страни.

(5) Учесникот во изборната кампања на група избирачи, вишокот од собраните средства ќе го подари во добротворни цели.

(6) Државниот завод за ревизија во рок од 60 дена од денот на поднесување на извештајот од ставот (1) на овој член е должен да спроведе ревизија. Ревизијата се спроведува од денот на отворањето на трансакционата сметка за изборната кампања до завршувањето на трансакциите на таа сметка.

(7) Државниот завод за ревизија доколку утврди неправилности во финансискиот извештај на учесникот во изборната кампања, кои се спротивни на одредбите на овој законик поднесува барање за поведување на прекршочна постапка или пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од 30 дена од денот на утврдувањето на неправилностите.

(8) Државниот завод за ревизија има право при спроведување на ревизијата на финансискиот извештај на учесникот во изборната кампања да побара дополнителни објаснувања и податоци со цел целосно утврдување на евентуални неправилности во истиот.

(9) Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спечување на корупцијата склучуваат Меморандум за соработка во врска со спроведувањето на одредбите за финансирањето на изборната кампања за размена на информации за утврдени неправилности во врска со доставените финансиски извештаи и мерките превземени од нивна страна спрема субјектот кој е предмет на надзор

Член 85–а

(1) Радиодифузерите и печатените медиуми во Република Македонија се должни да поднесат извештај за рекламниот простор искористен од секој од учесниците во изборната кампања и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа.

(2) Извештајот од ставот (1) на овој член се поднесува најдоцна 15 дена по денот на завршување на изборната кампања.

(3) Извештајот од ставот (1) на овој член се поднесува до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и до Државната комисија за спречување на корупцијата, кои се должни да го објават на своите интернет страници.

(4) Извештајот од ставот (1) на овој член се поднесува на образец пропишан од министерот за финансии.

Член 179

(1) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на член на Влада, заменик министер и функционер кој раководи со орган ако постапи спротивно на членот 8-а од овој Законик.

Член 189

(1) Глоба во износ од 9.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршок на политичка партија, коалиција односно независен кандидат ако не поднесат извештај за финансирање на изборната кампања од членот 85 на овој законик, односно кога за финансирање на изборната кампања се користени средства согласно со членот 83 од овој Законик.

(2) Глоба во износ од 9.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на политичка партија односно коалиција односно независен кандидат доколку во изборната кампања потроши повеќе финансиски средства отколку што е утврдено во членот 84 од овој законик.

(3) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за политичката партија, коалицијата односно независниот кандидат ќе му се изрече на овластеното лице на политичката партија, коалицијата односно независниот кандидат за прекршокот од ставот (1) на овој член.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА И СУДИР НА ИНТЕРЕСИ** **АНЕКС 2**

## ПРЕДМЕТИ ОФОРМЕНИ ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИГОВОРИ КОИ СЕ ОДБИЕНИ

| Р.бр. | Приговор поднесен од: | Приговорот е поднесен против | Основ за приговор – повреда на член | Содржина на приговор | Утврдени состојби од ДКСК | Донесена одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ВМРО-ДПМНЕ | Акционерското друштво “Водостопанство на РМ – генерален директор | 8-а став 1 алинеа 3 од Изборниот законик и членот 34 став 1 точка 3 од ЗСКСИ | Засновање на работен однос на 116 работници на определено време до 31 мај 2019 година | Вработувањата на определено време биле неопходни и истите се однесуваат на итни и неодложни работи, со цел успешно започнување на сезоната за наводнување | Приговорот е одбиен, наводите во приговорот се непотврдени и неосновани |
| 2. | ВМРО-ДПМНЕ | Град Скопје - Градоначалник на Град Скопје | 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот законик член 34 став 1 алинеја 2 од ЗСКСИ | Објава од страна на Град Скопје на јавен повик за субвенционирање на граѓани на подрачјето на Град Скопје за купување на велосипеди во текот на 2019 година. | Повикот е објавен врз основа на Програма на активности од областа на заштитата на животната средина и природата на подрачјето на Град Скопје за 2019 година, бр. 27-11609/1 од 26.12.2018 година – донесена од Советот на Град Скопје на седница одржана на ден 26.12.2018 година. Градот ќе надомести дел од трошоците направени при купување на велосипед во износ од 50% од вредноста на велосипедот, но не повеќе од 3.000 денари по лице со вклучен персонален данок од доход; Распределбата на средствата ќе се врши сукцесивно според редот на пристигнатите барања, се до исполнување на предвидениот буџет за оваа намена, според принципот “прв дојден - прв услужен“. ДКСК утврди дека со објавувањето на | Приговорот е одбиен, наводите во приговорот се непотврдени и неосновани. |

## ПРЕДМЕТИ ОФОРМЕНИ ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИГОВОРИ КОИ СЕ ОДБИЕНИ

| Р.бр. | Приговор поднесен од: | Приговорот е поднесен против | Основ за приговор – повреда на член | Содржина на приговор | Утврдени состојби од ДКСК | Донесена одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | јавниот повик на ден 11.03.2019 година од страна на Град Скопје постои можност за поткуп при избори и гласање бидејќи во јавниот повик не е содржана одредба и напомена, дека исплатата на субвенциите на граѓаните ќе се врши по завршување на изборниот процес.<br>Од страна на Град Скопје на ден 23.04.2019 година беше доставено Известување дека Советот на Град Скопје донел Одлука за дополнување на Одлуката за определување на максималниот износ за доделување на поединечна субвенција на граѓаните за купување велосипеди во 2019 година ("Службен гласник на Град Скопје: бр. 05/19), каде е утврдено дека финансиските средства ќе се исплатат по завршување на претседателските избори. | |
| 3. | ВМРО-ДПМНЕ | Општина Карпош – градоначалник на општина Карпош | 8-а став 1 алинеја 1 од Изборниот член 34 став 1 точка 1 од ЗСКСИ | Започнување на изградба на дел од улицата "Јуриј Гагарин" бр. 6 во населбата Козле во Скопје | Активностите се однесуваат на реконструкција на дел од улицата и тековно одржување за кои биле обезбедени средства од Буџетот на Општина Карпош и кои се во | Приговорот е одбиен, наводите во приговорот се непотврдени и неосновани |

## ПРЕДМЕТИ ОФОРМЕНИ ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИГОВОРИ КОИ СЕ ОДБИЕНИ

| Р.бр. | Приговор поднесен од: | Приговорот е поднесен против | Основ за приговор – повреда на член | Содржина на приговор | Утврдени состојби од ДКСК | Донесена одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | согласност со Програмата за уредување на градежното земјиште за 2019 година на општина | |
| 4. | ВМРО-ДПМНЕ | Градот Скопје - градоначалник на Град Скопје | 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот законик и член 34 став 1 точка 2 од ЗСКСИ | Објава на јавен повик за субвенционирање на граѓаните за набавка на посовремени уреди за затоплување инверетер клима уред за 2019 година | објавениот јавен повик за субвенционирање на граѓаните за набавка на инвертер клими е реализација на активностите на Град Скопје кои произлегуваат и се дефинирани во Програмата на активностите од областа на заштита на животна средина и природата на подрачјето на Град Скопје за 2019 година (Службен гласник на Град Скопје 18/18) за што со Буџетот на Град Скопје се обезбедени средства. Исто така, дефиниран е начинот на кој ќе се исплаќаат субвенциите, каде е јасно дефинирано дека истите ќе се вршат врз основа на донесено решение од Градоначалникот на Град Скопје и по завршување на претседателските избори. | Приговорот е одбиен, наводите во приговорот не се потврдени и се неоснован. |
| 5. | ВМРО-ДПМНЕ | Општина Центар – Градоначалник на Општина Центар | 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот законик и член 34 став 1 алинеја 2 ЗСКСИ | Поделба на 150 пакети со храна - основни животни намирници на семејства со висок | Поделените 150 пакети со храна – основни животни намирници на семејства со висок социјален ризик на 11 март 2019 година се обезбедени | Приговорот е одбиен, наводите во приговорот не се потврдени и неосновани. |

**ПРЕДМЕТИ ОФОРМЕНИ ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИГОВОРИ КОИ СЕ ОДБИЕНИ**

| Р.бр. | Приговор поднесен од: | Приговорот е поднесен против | Основ за приговор – повреда на член | Содржина на приговор | Утврдени состојби од ДКСК | Донесена одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | социјален ризик, односно пакети со храна и средства за лична хигиена како еднократна парична помош и помош во натура | од средства од надворешни субјекти (донации) односно за истите не се потрошени буџетски средства на општината | |
| 6. | ВМРО-ДПМНЕ | Влада на Република Северна Македонија | 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот законик и член 34 став 1 алинеја 2 од ЗСКСИ | Објавен јавен оглас на ден 31.01.2019 година за финансиска поддршка на здруженија и фондации со распределба на средствата од Буџетот на РСМ во вкупниот износ од 12.000.000,00 денари, за финансирање на програмски активности со краен рок на пријавување 05.03.2019 година | Средствата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите се обезбедени во рамките на одобрениот Буџет на Генералниот секретаријат на Владата на РСМ за 2019 година, а реализацијата е предвидена со Програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година („Службен весник на РМ" бр. 5/19. Во изборниот период не е донесена одлука за распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година. | Приговорот е одбиен, наводите во приговорот се непотврдени и неосновани |

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА И СУДИР НА ИНТЕРЕСИ** **АНЕКС 2**

**ПРЕДМЕТИ ОФОРМЕНИ ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИГОВОРИ КОИ СЕ ОДБИЕНИ**

| Р.бр. | Приговор поднесен од: | Приговорот е поднесен против | Основ за приговор – повреда на член | Содржина на приговор | Утврдени состојби од ДКСК | Донесена одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 7. | ВМРО-ДПМНЕ | Агенцијата за вработување на РСМ | 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот законик и член 34 став 1 алинеја 2 од ЗСКСИ | Објава на јавни повици за активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година | Се работи за активности на Агенцијата за вработување на РСМ кои претставуваат нејзини редовни активности, предвидени во Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2019 година, како и во Годишната програма за работа на Агенцијата, а за кои претходно биле предвидени и обезбедени средства од Буџетот на Агенцијата за вработување на РСМ за 2019 година – Потсметка за активни програми и мерка за вработување. | Приговорот е одбиен, наводите во приговорот се непотврдени и неосновани |
| 8. | ВМРО-ДПМНЕ | Општина Шуто Оризари-Градоначалник на општина | 8-б од Изборниот законик и член 36 од ЗСКСИ | Злоупотреба на имот во сопственост на општината Шуто Оризари, односно користење на канцелариски простор во општинската зграда од страна на учесниците во изборната кампања на изборите 2019 за одржана прес конференција | Просторијата (канцелариският простор) - предмет на наводите во поднесениот приговор не била во сопственост на Општина Шуто Оризари | Приговорот е одбиен, наводите во приговорот се непотврдени и неосновани |

АНЕКС 2

**ПРЕДМЕТИ ОФОРМЕНИ ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИГОВОРИ КОИ СЕ ОДБИЕНИ**

| Р.бр. | Приговор поднесен од: | Приговорот е поднесен против | Основ за приговор – повреда на член | Содржина на приговор | Утврдени состојби од ДКСК | Донесена одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 9. | ВМРО-ДПМНЕ | Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија, | 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот член 34 став 1 алинеја 2 ЗСКСИ | Објава на Јавен повик бр.03/2019 на ден 19 март 2019 година за доставувања на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година, за следните мерки - мерка 412 Воспоставување на локални акциски групи и мерка 413 Реализација на стратегии за локален развој на рурални средини | Мерките 412 -Воспоставување на локален акциски групи и 413 - Реализација на стратегии за локален развој на рурални средини се предвидени во Програмата за финансиска подршка на руралниот развој за 2019 година, донесена од Владата на РСМ на седницата одржана на 29.01.2019 година и објавена во "Службен весник на Република Македонија" бр.23 од 31.01.2019 година каде се дефинирани роковите од 30 дена за отварање на јавните повици за прибирање на барања за користење на финансиска подршка. Објавениот оглас се однесува на доставување на барања за користење средства од програмата и траел до 18.04.2019 година. Не се извршени месечни исплати кои не се редовни. | Приговорот е одбиен, наводите во приговорот се непотврдени и неосновани. |
| 10. | ВМРО-ДПМНЕ | Општина Ново Село - в.д. Градоначалник | 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик и член 34 став 1 алинеја 3 од ЗСКСИ | Дадена согласност за вработување на десет работници во ЈПКД „Комуна" Ново Село на определено време | Вработувањето на 10-те работници во ЈПКД „Комуна" Ново Село на определено време се вработувања на работници за извршување на итни и неодложни работни задачи – општи | Приговорот е одбиен, наводите во приговорот се неосновани и непотврдени. |

## ПРЕДМЕТИ ОФОРМЕНИ ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИГОВОРИ КОИ СЕ ОДБИЕНИ

| Р.бр. | Приговор поднесен од: | Приговорот е поднесен против | Основ за приговор – повреда на член | Содржина на приговор | Утврдени состојби од ДКСК | Донесена одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | комунални работници; Согласноста за вработувањето од страна на В.Д. Градоначалникот на Општина Ново Село е дадена пред денот на распишување на изборите а финансиски средства се обезбедени од Буџетот на ЈПКД „Комуна" Ново Село; Целата постапка за вработувањата е спроведена и реализирана пред денот на донесувањето на одлуките за распишување избор за претседател | |
| 11. | ВМРО-ДПМНЕ | Градоначалник и советници од Советот на општина Ѓорче Петров, Скопје | 8-а од Изборниот законик и членовите 32 и 37 од ЗСКСИ | Донесување на Одлука за измена на Детален урбанистички план во општината Ѓорче Петров, во период на изборната кампања на изборниот процес | Соопштението до граѓаните и правните лица на територијата на градското и руралното подрачје на општината за распишан Јавен повик за Доставевена е иницијативи за изработка на урбанистички планови за првиот квартал од 2019 година изготвено од страна на Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров, согласно член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, на ден 30.01.2019 година. Јавниот повик е објавен на ден 31.01.2019 година во дневниот весник | Приговорот е одбиен, наводите во приговорот се неосновани и непотврдени. |

АНЕКС 2

ПРЕДМЕТИ ОФОРМЕНИ ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИГОВОРИ КОИ СЕ ОДБИЕНИ

| Р.бр. | Приговор поднесен од: | Приговорот е поднесен против | Основ за приговор – повреда на член | Содржина на приговор | Утврдени состојби од ДКСК | Донесена одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Нова Македонија, на огласна табла на општината и на веб страницата на општината, согласно член 21 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, пред денот на донесување на Одлуката(ите) за распишување на изборите. Постапката по јавниот повик е водена согласно задолжителните рокови предвидени во Законот за просторно и урбанистичко планирање и следствено Комисијата за урбанизам, согласно роковите предвидени во член 21 став 4 и член 23 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, постапила по барањето и изготвила Записник од ден 28.03.2019 година. Од Записникот се констатира дека по предметниот јавен повик биле поднесени вкупно седум иницијативи, како и дека била прифатена една иницијатива која била во согласност со ГУП Скопје 2012-2022, а градоначалникот на Општина Ѓорче Петров и Советот на Општината, постапиле согласно | |

## ПРЕДМЕТИ ОФОРМЕНИ ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИГОВОРИ КОИ СЕ ОДБИЕНИ

| Р.бр. | Приговор поднесен од: | Приговорот е поднесен против | Основ за приговор – повреда на член | Содржина на приговор | Утврдени состојби од ДКСК | Донесена одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | задолжителните одредби предвидени во Законот за просторно и урбанистичко планирање и на ден 15.04.2019 година на 26-та седница на Советот на општината се донесени две одлуки | |
| 12. | ВМРО-ДПМНЕ | ЈКП "Гази Баба 2007" Гази Баба, Скопје | 8-б од Изборниот законик и член 36 став 1 од ЗСКСИ | Возило на Јавното комунално претпријатие Гази Баба 2007 носело и пренесувало изборен материјал до партиски штаб, односно штаб за поддршка на кандидат за претседател | Во рамки на редовните работни обврски на вработените во Јавното комунално претпријатие Гази Баба 2007 спаѓа секојдневно собирање и транспорт на шут и отпад како и на лесно разградлив отпад на целата територија на општина Гази Баба. Тој ден кога била направена фотографијата, вработени од ЈКП Гази Баба 2007 извршувале редовни работни задачи, помеѓу другите места и на територијата во близина на штабот на кандидат за претседател. Од страна на вработено лице кое го управувало возилото прикажано на фотографиите, дадена е и изјава за начинот и целите за кои се користи возилото, како и за тоа дека со возилото на ЈКП Гази Баба 2007 ниту бил превземен, ниту бил | Приговорот е одбиен, наводите во приговорот се неосновани и непотврдени. |

**АНЕКС 2**

**ПРЕДМЕТИ ОФОРМЕНИ ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИГОВОРИ КОИ СЕ ОДБИЕНИ**

| Р.бр. | Приговор поднесен од: | Приговорот е поднесен против | Основ за приговор – повреда на член | Содржина на приговор | Утврдени состојби од ДКСК | Донесена одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | дистрибуиран изборен материјал на ниту еден учесник во изборите за претседател. | |
| 13. | ВМРО-ДПМНЕ | Градоначалник на општина Гази Баба - Скопје | 8-б од Изборниот законик и член 36 став 1 од ЗСКСИ | Објект кој е во сопственост на општина Гази Баба се користи како партиски штаб, односно штаб за поддршка на кандидат за претседател | Извршен увид од страна на двајца членови на ДКСК на лице место каде се наоѓа објектот и се констатира дека посочениот простор е речиси напуштен објект и за просторија во која е сместена спортска пинг-понг маса и столчиња, како и дека истата не наликува на изборен штаб. На надворешниот зид, од сите страни на објектот, биле забележани графити со испишани броеви и имиња помеѓу кои и кандидатскиот број 3, меѓутоа истиот бил без било какви партиски обележја | Приговорот е одбиен, наводите во приговорот се неосновани и непотврдени. |
| 14. | ВМРО-ДПМНЕ | Градоначалник на општина Шуто Оризари, Скопје, | 8-б од Изборниот законик и член 36 од ЗСКСИ | Користење на службена канцеларија во општинската зграда за вршење на политички активности, во период на изборната кампања | Посочената просторија (службена канцеларија) - не е во сопственост на Општина Шуто Оризари. | Приговорот е одбиен, наводите во приговорот се непотврдени и неосновани. |
| 15. | ВМРО-ДПМНЕ | Градоначалник на општина Кисела Вода, Скопје | 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот законик и член 34 став 1 алинеја | Изградба на одводна мрежа за третирање на атмосферските води во | Се работи за изведување на инфраструктурен проект за кои средства се обезбедени преку Светска | Приговорот е одбиен, наводите во приговорот се непотврдени и неосновани. |

## ПРЕДМЕТИ ОФОРМЕНИ ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИГОВОРИ КОИ СЕ ОДБИЕНИ

| Р.бр. | Приговор поднесен од: | Приговорот е поднесен против | Основ за приговор – повреда на член | Содржина на приговор | Утврдени состојби од ДКСК | Донесена одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2 од ЗСКСИ | урбаната заедница Пржино и завршување на градежни работи на првиот крак од улицата Зеленгора, а кое претставува изградба од средства од буџетот на објект во инфраструктурата за време на изборен процес или во екот на изборна кампања | Банка кои проекти се планираат долго време и чија реализација е со строго утврдени процедури и рокови мониторирани од Светска Банка. Од тој аспект, Светска Банка врши избор на изведувач и потпишува договор, а во овој случај општина Кисела Вода го прифаќа договорот за изведба и има обврска да ги почитува роковите за градење, плаќање и известување. Со договорот меѓу Светска Банка и изведувачот е уредено дека изградбата ќе заврши во рок од 10 месеци, а започнувањето на работите ќе почне 14 дена по потпишување на договорот. Бидејќи овој договор од страна на Општина Кисела Вода бил потврден и заверен на 07.03.2019 година, заради запазување на роковите, налогот за работа било потребно да се издаде до 21.03.2019, а не со задоцнување од еден месец, односно на 12.04.2019 година што се совпаѓа со изборниот период | |
| 16. | ВМРО-ДПМНЕ | Градоначалник на Град Скопје | 8-а став 2 од Изборниот законик | Давање на јавна изјава на медиуми, од страна | Од прибавената документација и изјаснувањето на Градоначалникот на | Приговорот е одбиен, наводите во приговорот се |

## ПРЕДМЕТИ ОФОРМЕНИ ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИГОВОРИ КОИ СЕ ОДБИЕНИ

| Р.бр. | Приговор поднесен од: | Приговорот е поднесен против | Основ за приговор – повреда на член | Содржина на приговор | Утврдени состојби од ДКСК | Донесена одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | на Градоначалникот на Град Скопје и неколку соработници ден 24.04.2019 година, на местото каде се преземаат градежните работи, со која се потенцира дека отпочнуваат градежни работи за пробивање на булевар АСНОМ во Скопје | Град Скопје, изјавата не претставува одржување на јавен настан по повод започнување на изградба или пуштање во употреба на објекти со средства од Буџетот или од јавни фондови, или со средства на јавни претпријатијаили други правни лица што располагаат со државен капитал, во инфраструктурата | непотврдени и неосновани |
| 17. | ВМРО-ДПМНЕ | Градоначалник на општина Шуто Оризари, Скопје | 8-б од Изборниот законик и член 36 од ЗСКСИ | Злоупотреба на имот во сопственост на општина Шуто Оризари од страна на Градоначалникот на Општината - користење на патничко моторно возило сопственост на Општината за остварување средби на Градоначалникот со граѓани од Крива Паланка во период на изборната кампања | Нема докази за тоа кога бил одржан настанот и дека истиот бил поврзан со претстојните претседателски избори, не се забележуваат партиски симбол или пак ознака на официјална средба во својство на Градоначалник. Од објавената фотографија не може да се заклучи дека средбата била остварена на денот кога тврди подносителот на приговорот и не може да се видат регистарските таблици на возилото за да се тврди дека службено возило било искористено за политички активности. | Приговорот е одбиен, наводите во приговорот се непотврдени и неосновани |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА И СУДИР НА ИНТЕРЕСИ** **АНЕКС 2**

## ПРЕДМЕТИ ОФОРМЕНИ ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИГОВОРИ КОИ СЕ ОДБИЕНИ

| Р.бр. | Приговор поднесен од: | Приговорот е поднесен против | Основ за приговор – повреда на член | Содржина на приговор | Утврдени состојби од ДКСК | Донесена одлука |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 18. | ВМРО-ДПМНЕ | Градоначалник на општина Велес | 8-а став 1 од Изборниот законик и член 34 од ЗСКСИ | Започнување и реализиција на изградба на инфраструктурни објекти - патишта на подрачјето на село Црквино,општина Велес од буџетски средства | Станува збор за реализација на Програма за уредување на градежно земјиште на просторот на општина Велес во 2019 година, донесена од Советот на општина Велес и објавена во ,,Службен гласник на општина Велес,, бр. 19/2018, во која во Потпрограмата Ф30 е предвидено уредување на простор во рурални подрачја, за кое се предвидени средства во висина од 3.000.000,00 денари, а кои средства се планирани за уредување на простор за село Оризари, село Башино Село, село Црквино, село Сојклари, село Караслари, село Иванковци и др. | Приговорот е одбиен, наводите во приговорот се непотврдени и неосновани |